## Постапка за заверка на нормативите за храна

Согласно Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13 и 199/14), член 35, став 9, “угостителот е должен да ги достави нормативите за храна на заверка на градоначалникот на оопштината ”.

**Постапката за заверка на нормативите за храна отпочнува со поднесување на Барање за заверка на нормативите за храна и пијалоци, согласно член 35, став 9 од Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13 и 199/14) до Одделението за ЛЕР, преку архивата на Општина Куманово. Кон Барањето се поднесува:**

Копија од Решение за вршење на дејност од Централен Регистар;

Решение за исполнување на минимално-технички услови за работа;

Податоци за нормативите подготвени од угостителот (2 примероци);

Доказ за платена административна такса (50,00 денари).

Во Архивата се потврдува приемот на поднесокот и се води деловодник за поднесоците.

Барањето заедно со придружната документација се заведува во интерна доставна книга и се доставуваат до Раководителот на Секторот кој поштата ја парафира и ја доставува во Раководителот на Одделението за ЛЕР;

Раководителот на Одделението за ЛЕР, го парафира Барањето и придружната документација и го доставува до Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство го разгледува барањето и ги заверува нормативите за храна и пијалоци во Архива доколку барањето е комплетно или ја известува странката да ја достави комплетната потребна документација;

Еден примерок од заверените нормативи се доставува до странката, додека еден примерок, Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство го документира според дата на поднесување;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство, на секои шест месеци доставува извод од електронската дата база за заверените нормативи за храна и пијалоци до Раководителот на Секторот, Раководителот на Одделението за ЛЕР и Секторот за инспекциски надзор.